| | |
|---|---|
| **Предмет :** МАТЕМАТИКА | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ |
| **Наставна тема : БРОЕВИ И БРОЕЊЕ** | Време на реализација 45 часа |
| **Изготвиле :** Наташа Тодоровска<br>Весна Бошковска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ – Битола<br>ООУ„Кирил Пејчиновиќ“ - Скопје |
| **Адаптирале:** | Од ООУ |

**РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ**

**Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**

- ✓ брои, чита и пишува броеви до 1000.
- ✓ споредува парови од трицифрени броеви и ја определува месната вредност на цифрите во трицифрените броеви.
- ✓ препознава и користи редни броеви до најмалку стоти број.
- ✓ групира парни и непарни броеви до 1000.

| Содржини (и поими) | Стандарди за оценување | Часови | Активности | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Броеви до 1000<br><br>-број<br>- количина<br>- цифра | Брои нанапред и наназад трицифрени броеви по 1, по 10 и 100 до 1000 | 5 | *Повторување за двоцифрени броеви од минатата година (Изброј колку клупи/столчиња има во твојата училница! Број нанапред и наназад). Читање и покажување на броеви од табела 100.<br>*Учениците се потсетуваат на броеви од прва, втора, трета...десетта десетка и бројат по 1 и 10 нанапред и наназад од даден број.<br>*Учениците бројат нанапред/наназад по 1 од даден брод од 10 до 100 и формираат растечки и опаѓачки низи.<br>*Штафетно броење – Секој ученик има индивидуална табела 100 и бројат по 1 и 10 од даден број нанапред или наназад.<br>*Кој број недостига во низата? Учениците откриваат кои броеви треба да ги додадат и се искажуваат за колку расте/опаѓа бројната низа(1, 10) | постер табела 100<br><br>индивидуална табела 100<br><br>тетратка | Усни одговори на поставени прашања<br><br>Брои нанапред и наназад по 1 и 10 до 100. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Броеви до 1000<br><br>-број<br>- количина<br>- цифра | Брои нанапред и наназад трицифрени броеви по 1, по 10 и по 100 до 1000 | | * На таблата е поставена жица (бројна права) со почеток од 0 – 1000. Со штипки се поставени полни стотки до 1000. Учениците се запознаваат со полните стотки до 1000 и бројат по 100 нанапред и наназад.<br>**Пр.** 100, 200, 300... 1000 1000, 900, 800,. 100<br>*Учениците имаат картички со полни стотки до 1000 (работа во парови или мали групи). На даден знак треба за најкратко време да ги подредат по големина почнувајќи од најмалата/најголемата стотка.<br>Истата активност се спроведува, но сега картичките се отпревртени за да не се гледаат броевите.<br>* Учениците самостојно решаваат задачи во работен лист/учебник со испуштени полни стотки. За полесно решавање користат бројна права. Броевите правилно ги распоредуваат.<br>* Учениците преку игра ги учат полните стотки. Поделени во 2 групи по насоки на наставникот бројат:<br>• Прва група брои:100, 300, 500, 700, 900.<br>• Втора група брои: 200, 400, 600, 800, 1000 | жица/јаже<br><br>штипки<br><br>картички со полни стотки до 1000<br><br>постер -табела 100<br><br>индивидуална табела 100<br><br>табели 100 до 1000<br><br>работен лист<br><br>учебник<br><br>тетратка | Усни одговори на поставени прашања<br><br>Брои во чекори по 1 и 10 нанапред/наназад од даден број до 100<br><br>Подредува броеви во низа - растечка или опаѓачка<br><br>Решенија во работен лист<br><br>Домашна работа |
| | | | *Учениците во групи добиваат табели по 100 до 1000.<br>прва стотка (1-100), втора стотка(101-200).. десетта стотка од (901-1000). Заедно се анализираат табелите и учениците воочуваат дека се менува само стотката, а броењето се одвива на ист начин како броењето до 100.<br>Пр. 235, 236, 237...<br><br>*Учениците бројат СД (броење по 10).<br>**Пр.** 110,120,130.... 270,260,250<br><br>* Учениците работат во парови во работен лист со помош на табела 100. Еден ученик дава насоки, а другиот ги | постер -табела 100<br><br>индивидуална табела 100<br><br>табели 100 до 1000<br><br>Работен лист<br><br>учебник | Усни одговори на поставени прашања<br><br>Брои во чекори по 1 и 10 нанапред/наназад од даден број до 100<br><br>Подредува броеви во низа- |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | обојува соодветните броеви. Обој го бројот кој е за 10 поголем од бројот 214. Обој уште 5 броеви од низата - поголеми за 10. | тетратка | растечка /опаѓачка<br><br>Решенија во работен лист<br><br>Домашна работа |
| Броеви до 1000<br><br>-број<br>- количина<br>- цифра | Брои нанапред и наназад трицифрени броеви по 1, по 10 и по 100 до 1000 | | *Учениците имаат примерок од табели по 100 до 1000.<br>По даден насоки бројат по 1, 10 по 100 од даден број. Учениците покажуваат со прст до кој број стигнале. Бројат по 10 наназад со поместување на прстот над бројот, 10 нанапред под избраниот број, за 1 помалку во лево и за 1 повеќе во десно.<br>[ \| (-10) 113 \| ]<br>[ (-1) 122 \| 123 \| (+1) 124 ]<br>[ \| (+10) 133 \| ]<br>*Учениците бројат по дадени насоки по 1, 10, 50 и 100 од даден број самостојно или со помош.<br>*Учениците бројат во мали групи по дадени насоки.<br>Прва група: Брои по 1 од даден двоцифрен/трицифрен број<br>Втора група: Брои по 10 од даден двоцифрен/трицифрен број.<br>Трета група: Брои по 100 од даден двоцифрен/трицифрен број. | постер -табела 100<br><br>индивидуална табела 100<br><br>табели 100 до 1000<br><br>работен лист<br><br>учебник<br><br>тетратка | Усни одговори на поставени прашања<br><br>- Брои во чекори по 1 и 10 нанапред/наназад од даден број до 1000<br><br>Подредува броеви во низа - растечка или опаѓачка<br><br>Решенија во работен лист<br><br>Домашна работа |
| | | | *Учениците работат во парови со одредена табела 100 до 1000.<br>**Пр.** Табела од 201 до 300. Еден ученик од парот поставува барање - број нанапред / наназад по 1, 10, 50, 100, од | постер -табела 100<br><br>индивидуална | Усни одговори на поставени прашања |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | дадениот број во X чекори. Потоа ја менуваат улогата. **Пр.** Од бројот 235 број по 10 нанапред 3 чекори (245, 255, 265)<br>*Учениците во тетратки запишуваат низи со броеви кои се добиваат при броење по 1, 10, 50 и 100 од даден број.<br>Проверување во парови дали точно ги подредиле броевите во низите.<br>*Учениците самостојно решаваат работен лист од најмногу 5 задачи за да се самооценат колку ги совладале броеви до 1000 со броење по 1, 10, 100 од даден број. | табела 100<br><br>табели 100 до 1000<br><br>работен лист<br><br>учебник<br><br>тетратка | Подредува броеви во низа - растечка или опаѓачка<br><br>Решенија во работен лист<br><br>Домашна работа |
| Броеви до 1000<br><br>-број<br>- количина<br>- цифра | Брои по два, по три, по четири, по пет, по шест, по девет и по десет поголема група предмети до најмалку 100 | 3 | *Учениците во групи бројат предмети (на пр: макарони, стапчиња, чепкалки...) по два, по три, по четири, по пет, по шест, по девет, по десет до 100.<br><br>*Активности со формирање на низи со броење по 2, 3, 4, 5 ,6, 9 и 10. Наставникот им презентира математичка игра за примена на броење со формирање на групи по 5<br>Броиме групи по 5 https://rb.gy/yrjdi<br>Учениците заедно ги кажуваат одговорите.<br><br>* Игра: Откри ја грешката !<br>Сашо броел station наназад по 2 (90, 88, 86, 84, 80)<br>Сашо броел нанапред по 4 (40, 44, 46, 48)<br>Сашо броел наназад по 3 (39, 36, 32, 30) | макарони, стапчиња, чепкалки<br><br>компјутер<br><br>видеобим<br><br>табла<br><br>табели 100 до 1000<br><br>работен лист<br><br>тетратка | Усни одговори на поставени прашања<br><br>Брои по 2, 3, 4, 5, 6, 9 и 10 на поголема група предмети до најмалку 100.<br><br>Решенија во работен лист<br><br>Домашна работа |
| | | | *На таблата или на презентација се претставуваат повеќе низи од броеви Пр: 3, 6, 9,. ;<br>72, 75, 78,... ; 41,45, 49... 105,110, 115,...<br>Учениците се поделени во групи и секоја група има табела 1000 – табели од сите стотки до 1000. Ја откриваат врската меѓу броевите и ја дополнуваат низата со уште најмалку два броја. | бела табла<br><br>компјутер<br><br>видеобим<br><br>презентација | Усни одговори на поставени прашања<br><br>Брои по 2, 3, 4, 5, 6, 9 и 10 на поголема група |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | *Наставникот започнува игра: „Кој број недостасува...“ (чита делумно пополнета низа од броеви која расте или се намалува за 2, 3, 4, 5, 6, 9 и 10, а учениците ја надополнуваат со броевите кои недостасуваат, на пр. Низи до 100 и повеќе (со помош на табели 100 до 1000)<br>202, 204, 206, ....210... 515, 520, 525, ....535...<br>990, 980, 970,... 950, .., 933...<br>*Учениците индивидуално решаваат задачи во учебник/работен лист. | учебник<br>работен лист<br>табели 100 до 1000 | предмети до најмалку 100.<br>Решенија во работен лист<br>Домашна работа |
| | | | *Учениците играат математичка игра **„Броиме во чекор“** Броиме во чекор нанапред и наназад од даден број https://rb.gy/yf6dz<br>* Учениците самостојно работат во работен лист/ учебник - самооценување за броење по 2, 4, 5, 6, 9 и 10 најмногу до 100 | работен лист<br>учебник/тетратка | Решенија во работен лист<br>Домашна работа |
| Броеви до 1000<br>-број<br>- количина<br>- цифра | Прави проценка за бројот на предмети до 500 и ја проверува проценката со броење | 1 | *На видно место во училница се истакнуваат просирни кесички/тегли во кои има поставени во снопчиња врзани по 10 предмети (стапчиња, цевчиња, чепкалки ).<br>Учениците проценуваат по колку предмети има во секоја кесичка. Со броење по 10 проверуваат која проценка е најблиску до точниот број на предмети во кесичките.<br>* Во две стаклени тегли се ставени макарони или мали топчиња секој ученик/ученичка проценува колку макарони или топчиња има во секоја од теглите. Го запишува бројот на стикер и на крајот со броење се проверува која проценка е најблиску до точниот број.<br>* Учениците добиваат работен лист на кои има слики со предмети или суштетсва во голем број( пр. риби, птици, исносекти, боички и сл). Учениците проценуваат, а потоа со користење на стратегии со броење по 2, 3, 4, 5, 6, 9 и 10 го одредуваат точниот број | просирни кесички/тегли<br>стапчиња, цевчиња, чепкалки. макарони<br>мали топчиња<br>работен лист<br>учебник<br>тетратака | Усни одговори на поставени прашања<br>Прави проценка за бројот на предмети<br>Ја проверува својата проценка со броење со користење на различни стратегии<br>Решенија во работен лист<br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Броеви до 1000<br><br>-број<br>- количина<br>- цифра | Го поставува трицифрениот број на бројна права на која се означени полните десетки и стотки. | 2 | * На таблата е поставена жица (бројна права) со почеток од 0 – 1000. Со штипки се поставени полни стотки до 1000. Учениците имаат картички со трицифрени броеви од различни стотки. Со штипка ги прикажуваат броевите во соодветната стотка. Пр. 368 се поставува меѓу 300 и 400.<br><br>*На бројна права на која се обележани две соседни полни стотки (пр.300 и 400). Учениците во парови поставуваат трицифрени броеви (310, 319,..399) на соодветно место помеѓу нив.<br>*Учениците работат индивидуално/парови/мали групи во работен лист со бројни прави. На кои се обележани само полни стотки. Поставуваат трицифрените броеви во соодветната стотка редоследно (на пр. 720 го поставуваат помеѓу 700 и 800). | жица/јаже<br>штипки<br><br>картички со броеви до 1000<br><br>постер -табела 100<br><br>табели 100 до 1000<br><br>Работен лист<br><br>учебниктетратка<br>кутија | Усни одговори на поставени прашања<br><br>Усни и писмении искази-Поставува трицифрениот број на бројна права на која се означени полните десетки и стотки.<br><br>Решенија во работен лист<br><br>Домашна работа |
| | | | *Учениците извлекуваат картички со броеви до 1000 од кутија. Во групи од по 5 ученика се подредуваат по големина почнувајќи од најмалот/најголемиот број.<br>Формирање низи со броеви од четврта стотка- станувaат ученици кои имаат картички со броеви од 301 до 400.<br><br>*Игри во парови- Во работен лист со празни бројни прави учениците си поставуваат задачи со подредување на броеви .<br> | картички со броеви до 1000<br><br>кутија<br><br>постер -табела 100<br><br>табели 100 до 1000<br><br>Работен лист<br><br>учебник<br><br>тетратка | Усни одговори на поставени прашања<br><br>Поставува трицифрениот број на бројна права на која се означени полните десетки и стотки.<br><br>Решенија во работен лист<br><br>Домашна работа |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | Чита и пишува броеви до 1000 | 5 | *Повторување на правилно читање и пишување на броеви до 100. Пр. 29 – дваесет и девет .<br><br>*Учениците се запознаваат како се читаат и запишуваат бровите до 1000. Се објаснува како се читаат полнитестотки до 1000 и како правилно се читаат и запишуваат броевите до 1000.<br>100-сто, 200- двесте, 300- триста, 400-четиристотини, ... а потоа се додаваат и двоцифрените броеви.<br><br>Пр. 465 – четиристотини шеесет и пет.<br><br>* Учениците имаат работен лист со табели 100. По дадени насоки пронаоѓаат и читаат броеви од табелите и ги обојуваат со боичка. Броевите ги запишуваат со цифри и зборови во работен лист или тетратка. | работен лист/тетратка<br><br>учебник<br><br>бела табла<br><br>компјутер<br><br>видеобим | Усни одговори на поставени прашања<br><br>Правилно чита и пишува броеви до 1000<br><br>Решенија во работен лист<br><br>Домашна работа |
| Броеви до 1000<br><br>-број<br>- количина<br>- цифра | Чита и пишува | | *Учениците со картички со цифри од 0 до 9 формираат трицифрени броеви по свој избор и ги запишуваат во тетратка со цифри и зборови.<br><br>*Учениците пополнуваат работен лист во кој треба да ги допишат со зборови дадените броеви или да ги напишат со цифри броевите дадени со зборови.<br><br>Игра-Учениците се поделени во 2 групи. Пред табла излегува по 1 претставник од секоја група. Си поставува задача- Запиши го бројот ... со цифри и зборови. Потоа си проверуваат дали точно ги напишале и си ставаат по 1поен. Победува групата која нема/има најмалку грешки во читање и пишување броеви до 1000. | картички со цифри од 0 до 9<br><br>работен лист<br><br>учебник<br><br>бела табла<br><br>компјутер<br><br>видеобим | Усни одговори на поставени прашања<br><br>Усни и писмени искази-Правилно чита и пишува броеви до 1000<br><br>Решенија во работен лист<br><br>Домашна работа |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | броеви до 1000. | | *Учениците играат Бинго. Учениците добиваат бинголивче (4 x 4) во кое треба самостојно да ги запишат трицифрени броеви истакнати на табла/презентација. Потоа наставникот ги чита броеви, а секој ученик којшто ќе го најде прочитаниот број на своето ливче го заокружува и извикува „Бинго!“.<br><br>*Квиз со ДА-НЕ картички. Наставникот покажува картичка со број и го чита. **Пр.** 209 и чита двестотини и девет. Учениците подигнуваат картичка НЕ и читаат правилно- двесте и девет.<br><br>*Учениците работат во работен лист/ учебник задачи со правилно читање и пишување на брови до 1000.<br><br>*Интерактивни игри со читање и пишување на броеви до 1000 подготвени од наставник или превземени од интернет | картички со цифри од 0 до 9<br><br>бинго ливчиња<br><br>ДА-НЕ картички<br><br>работен лист<br><br>учебник<br><br>бела табла<br>презентација<br><br>компјутер<br><br>видеобим | Усни одговори на поставени прашања<br><br>Усни и писмении искази-Правилно чита и пишува броеви до 1000<br><br>Решенија во работен лист<br><br>Домашна работа |
| | | | *Учениците од торбичка извлекуваат картички со трицифрени броеви. Ги читаат пред другарчињата, а потоа ги запишуваат во тетратката со цифри и со зборови.<br><br>*Игра – Меморија. Учениците во парови отвораат и ги пронаоѓаат картичките што се со иста вредност (број со цифра и број напишан со зборови).<br><br>* Учениците добиваат работен лист на кои има дадени броеви(8, 83, 105, 999, 302, 400...) Во табела ги подредуваат од најмал до најголем и со збор запишуваат како се читаат дадените броеви. | торба<br><br>картички со трицифрени броеви<br>картички за игра меморија<br><br>работен лист<br><br>учебник<br><br>бела табла | Усни одговори на поставени прашања<br><br>Усни и писмении искази-Правилно чита и пишува броеви до 1000<br><br>Решенија во работен лист<br><br>Домашна работа |
| Броеви до 1000 (број, количина, | Брои нанапред и наназад СДЕ по 1, 10 100 до 1000. | 1 | Активности за увежбување на:<br>- броење нанапред и наназад СДЕ по 1, 10 100 до 1000. | табела 100 | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| цифра | Брои по 2, 3, 5,, 6 , 9 и 10 поголема група предмети до најмалку 100.<br><br>Го поставува трицифрениот број на бројна права на која се означени полните десетки и стотки.<br><br>Чита и пишува броеви до 1000. | | - броење по 2, 3, 4, 5, 6 , 9 и 10 поголема група предмети до најмалку 100. до 1000,<br><br>- поставување трицифрениот број на бројна права на која се означени полните десетки и стотки.<br><br>-читање и пишување броеви до 1000<br><br>Учениците следат насоки за индивидуална работа во работен лист подготвен од наставник.<br><br>Учениците кои имаат потреба од поддршка користат табела 100 и табели по 100 до 1000. | табели по 100 до 1000<br><br>Работен лист | Решенија од работен лист |
| Месна вредност на цифрите | Одредува месна вредност на цифрите | | *Наставникот ги запознава учениците со картичките со стрелки за месни вредности Е од 0-9, десетки од 10-90 и стотки од 100-900.<br><br>*Учениците вежбаат формирање на трицифрен броеви СД и СДЕ. Пр. 400+20 = 420<br>589 = 500+80+9 и објаснуваат како го формирале бројот.<br>*Учениците преку интерактивен линк вежбаат читање на броеви и одредување на месна вредност<br>https://ictgames.com/mobilePage/arrowCards/index.html<br><br><br>*Учениците решаваат задачи со одредување на месна вредност на цифри во трицифрен броеви. | картички со стрелки за месни вредности за секој ученик<br><br>(може да се преземат одлинк)<br><br>https://rb.gy/9i9rc<br><br>тетратка<br>учебник<br>работен лист<br><br>компјутер<br><br>видеобим<br>бела табла | Усни одговори на поставени прашања<br><br>Усни и писмении искази<br><br>Одредува месна вредност на цифрите на Е, Д и С на двоцифрен и трицифрен број<br><br>Решенија во работен лист<br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - единици,<br>- десетки,<br>- стотки,<br>- месна вредност | (единици, десетки и стотки) на конкретен трицифрен број. | 3 | *Учениците работат во групи. Од картички со напишани двоцифрени и трицифрени броеви треба да пронајдат две или повеќе картички со броеви каде што месната вредност на цифрите е иста (на пример, 427 и 728. месната вредност на десетки ). Прават групирање на броевите според бројот на С, Д или Е и ги подредуваат по големина.<br>*Учениците добиваат двоцифрени ии трицифрени броевии откриваат кој има број со најголема месна вредност кај Е, Д, С) Истите ги запишуваат во дадена табела.<br>* Погоди ја месната вредност на цифрата на Е, Д или С во броевите до 1000. Учениците се запознаваат со правилата на играта. Наставникот од кутија избира картичка, и повикува ученик да ја каже вредноста на цифрата на Д.<br>**Пр.** Во бројот 179. 7Д = 70. Ученикот ако погоди точно извлекува картичка и повикува друг ученик да ја продолжат играта. | картички со трицифрени броеви<br><br>кутија<br><br>тетратка<br>учебник<br><br>работен лист | Усни одговори на поставени прашања<br><br>Одредува месна вредност на цифрите на Е, Д и С на двоцифрен и трицифрен број<br><br>Решенија во работен лист<br><br>Домашна работа |
| Месна | | | *Учениците решаваат проблемски ситуации со одредување на месна вредност на цифрите во трицифрени броеви.<br>*Математички акростих. Наставникот кажува трицифрени броеви, а учениците вертикално ги запишуваатцифрите, а хоризонтално ја запишуваат месната вредност со збор.<br>*Учениците во парови вежбаат брзо запишување на броеви до 100 со помош на картички со месни вредности преку дигиталната алатка:<br>[https://mathsbot.com/manipulatives/placeValueCards](https://mathsbot.com/manipulatives/placeValueCards)<br>*Пронајди го бројот:<br>• На местото на Е стои најмалиот едноцифрен број, на местото на Д е неговиот претходник. Цифрата на стотки е за 2 поголема од најмалиот парен број.<br>* КВИЗ прашања:<br>1. Во кој број цифрата 6 има најмала месна вредност: 206, 262,623....<br>2. Кој број од третата десетка само има само 3 десетки?<br>3. Кои трицифрени броеви од четвртата стотка на местото | тетратка<br><br>учебник<br><br>работен лист<br><br>компјутер<br><br>видеобим<br><br>бела табла | Усни одговори на поставени прашања<br>Усни и писмении искази-<br><br>Одредува месна вредност на цифрите на Е, Д и С на двоцифрен и трицифрен број<br><br>Решенија во работен лист<br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| вредност на цифрите<br><br>- единици,<br>- десетки,<br>- стотки,<br>- месна вредност | | | на десетките ја имаат цифрата 9? | | |
| | Разложува трицифрен број на стотки, десетки и единици. | 3 | *Учениците се искажуваат за броевите до 1000 (Повторување за едноцифрени броеви од 0-9, двоцифрени броеви од 10-99 и трицифрени броеви од 100- 999)<br>Преку пример се воведуваат во разложување трицифрени броеви на стотки, десетки и единици.<br>На абакусот цртаат црвени топчиња за С, жолти за Д и зелени за Е.<br><br><br>Запишуваат во тетратка 493 = 400+90+3<br>493 = 4С + 9Д + 3Е<br>*Учениците формираат двоцифрени и трицифрени броеви со картички за месни вредности и ги разложуваат на Д + Е или на С+Д+Е<br>Пр. 27 = 2Д + 7Е = 20 + 7<br>581 = 5С + 8Д + 1Е = 500 + 8 + 1<br>*Учениците решаваат задачи во тетратка/учебник/работен лист со разложување на трицифрени броеви на С,Д и Е. | постер табела 100<br><br>картички за месни вредност<br><br>работни листови<br><br>учебник<br><br>тетратка<br><br>бела табла | Усни одговори на поставени прашања<br><br>Разложува двоцифрен и трицифрен број на С, Д и Е<br><br>Решенија во работен лист<br><br>Домашна работа |
| | Разложува трицифрен број на | | * Учениците работат во групи. Секоја група има кутија со картички со трицифрени броеви. По договор извлекува секој од нив број , го запишува и разложува на С,Д и Е. Активноста ја повторуваат до 5 пати. Се дискутира која цифра најмногу им се повторувала во броевите на ниво на група и на која позиција. Пр. Цифрата 9 ја имале 3 пати како С, 2 пати како Д и 5 пати како Е.<br><br>*Учениците одговараат на прашања во работен лист/тетратка/учебник:<br>• Која е вредноста на цифрата 9 во бројот 9, 95, 978?<br>9 = 9    95 = 90+ 5    978 = 900+70+8<br>• Која цифра има најголема вредност во бројот 198?<br>1С = 100    9Д = 90    8Е = 8 | мали картонски кутии<br><br>картички со трицифрени броеви<br><br>работни листови<br><br>учебник<br><br>тетратка<br><br>бела табла | Усни одговори на поставени прашања<br><br>Разложува двоцифрен и трицифрен број на С, Д и Е<br><br>Решенија во работен лист<br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Месна вредност на цифрите<br><br>- единици,<br>- десетки,<br>- стотки,<br>- месна вредност | стотки, десетки и единици. | | *Учениците на табла, во работен лист/тетратка разложуваат броеви до 1000 и се натпреваруваат во групи кој најбро и точно ќе ги разложи броевите на С, Д и Е.<br>*Учениците преку загатки откриваат број со примена на месните вредости. Наставникот кажува исказ:<br>- Јас сум трицифрен број.<br>- Имам 8 десетки.<br>- Имам најголем едноцифрен број единици.<br>- Бројот на стотките е претходник на бројот 4.<br>- Кој број сум јас?<br>*Предлог идеи за работни листови [https://rb.gy/mw3vo](https://rb.gy/mw3vo) | картички со броеви до 100<br><br>постер табела 100<br><br>рабтни листови<br><br>учебник<br>тетратка<br><br>бела табла | Усни одговори на поставени прашања<br><br>Разложува двоцифрен и трицифрен број на С, Д и Е<br><br>Решенија во работен лист<br><br>Домашна работа |
| | Заокружува ДЕ до најблиската десетка и СДЕ до најблиската десетка и стотка. | 3 | *Учениците се искажуваат за полни десетки(10, 20, 30...90) и стотки(100, 200, 300...900) и кои броеви припаѓаат на прва/втора/трета десетка ,стотка.<br><br>*Учениците се потсетуваат како се заокружуваадвоцифрени броеви на најблиска десетка. Се поставуваат неколку ученици пред табла со картички со полни десетки. Други ученици имаат картички со двоцифрен број. Се насочуваат да го пронајдат своето место во соодветната десетка(прва, втора, трета...) и да застанат меѓу дведесетки. Објаснуваат до која десетка ќе застанат поблискуи зошто. **Пр.** 40 48 . 50<br><br>*Со помош на бројна низа до 100 учениците се искажуваат до која десетка е поблиску пр. бројот 26 . Повторување на правилото за заокружување на двоцифрени броеви до најблиска десетка и зошто броевите кои имаат 5 едници се заокружуваат на поголемата десетка. На ист начин се објаснува и заокружување на трицифрени броеви на најблиска десетка и најблиска стотка. | картички со полни Д и С<br><br>работен лист<br><br>учебник<br><br>тетратка<br><br>компјутер<br><br>видеобим<br><br>бела табла<br><br>жица/ штипки<br><br>картички со трицифрени броеви | Усни одговори на поставени прашања<br><br>Усни и писмени искази<br><br>Заокружува ДЕ до најблиската десетка и СДЕ до најблиската десетка и стотка.<br><br>Решенија во работен лист<br><br>Домашна работа |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | *На бројна права(жица) на која се обележани само полни стотки учениците добиваат картички со трицифрени броеви. Според десетките во бројот картичките ги прикачуваат на бројната права и воочуваат до која стотка е поблиску дадениот број.<br>*Учениците во парови во работен лист/тетратка добиваат задачи да заокружуваат двоцифрени и трицифрени броеви броеви (пр.37, 437 ) до најблиската десетка/стотка и да го објаснат одговорот.<br>*Игра:Еден ученик влече картичка со број од торбичка. Бројот го заокружува до најблиската десетка/ стотка. Другите ученици креваат зелено картонче за точно или црвено доколку бројот не е точно заокружен. | Картички-трицифрени броеви, полни Д и С<br><br>работен лист<br><br>учебник<br>тетратка<br>бела табла<br>жица<br>штипки | Усни одговори на поставени прашања<br><br>Заокружува и ДЕ и СДЕ до најблиската десетка и стотка.<br><br>Решенија во работен лист<br><br>Домашна работа |
| | Заокружува ДЕ до најблиската десетка и СДЕ до најблиската десетка и стотка. | | *Пронајди го точното решение при заокружување на броевите до најблиска десетка/стотка.<br>**Пр. а)** Бројот 345 заокружен на најблиска Д е 240, а најблиска С е 300;<br>**б)** Бројот 345 заокружен на најблиска Д е 250, а најблиска С е 400;<br>**в)** Бројот 345 заокружен на најблиска Д е 250, а најблиска С е 300;<br>*Учениците во мали групи работат на иста задача заокружување на трицифрени броеви до најблиската десетка. Групата која прва завршува кажува **стоп**, но не значи дека е победник ако не им се точни задачите. Останатите продолжуваат до следно стоп. Потоа се споредуваат резултатите, а победник е групата која ќе има точни решенија.<br>*Учениците решаваат задачи со заокружување на броеви на најблсика Д и С со примена на дигитални алатки подготвени од наставник или превземени од интернет. | картички со трицифрени броеви<br><br>работен лист<br><br>учебник<br><br>тетратка<br><br>компјутер<br>видеобим<br><br>бела табла | Усни одговори на поставени прашања<br><br>Усни и писмени искази<br><br>Заокружува ДЕ до најблиската десетка и СДЕ<br><br>Решенија во работен лист<br><br>Домашна работа |
| Месна вредност на цифрите | Одредува месна вредност на цифрите (Е, Д,С ) на | 1 | Активности за увежбување на:<br>- одредување месна вредност на цифри во трицифрен број<br>- разложување на трицифрен број на С, Д и Е | табела 100 | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - единици,<br>- десетки,<br>- стотки,<br>- месна вредност | конкретен трицифрен број.<br>Разложува трицифрен број на С, Д и Е<br><br>Заокружува двоцифрени броеви до најблиската Д и трицифрени броеви до најблиската Д и С . | | - заокружување на ДЕ до најблиската Д и СДЕ до најблиската Д и С .<br><br>Учениците следат насоки за индивидуална работа во работен лист подготвен од наставник.<br><br>Учениците кои имаат потреба од поддршка користат табела 100 и табели по 100 до 1000 и картички со стрелки за месни вресности | табели по 100 до 1000<br><br>картички со стрелки за месни вредности<br><br>Работен лист | Решенија од работен лист |
| Споредување парови од трицифрени броеви (поголем од, помал од, знаци „>“, „=“ и „<“) | Споредува трицифрени броеви користејќи ги знаците „>“, „=“ и „<“ и наоѓа број помеѓу нив.<br><br>Објаснува зошто ги запишал/а знаците „>“, „=“ и „<“ при споредување парови од трицифрени броеви. | 3 | *Повторување за споредување на броеви од второ одделение( споредување на Е и Е, ДЕ и Е и ДЕ и ДЕ со користење на знаците за споредување >, < и =<br>*Учениците следат како се споредуваат трицифрени броеви.<br>**Пр.** Спореди ги броевите 345 и 326. Се споредуваат први цифрите на стотките 3 = 3, се продолжува со споредување на цифрите на десетките 4 > 2и откриваат дека бројот 345 > 326<br>*На табла/тетератка/работен лист решаваат задачи со споредување на броевите до 1000.<br>*Игра во парови-Учениците влечат картички со трицифрени броеви. На секоја задача се формира нов пар. Наставникот почнува исказ: „Јас сум поголем од ... “ Учениците се поставуваат еден до друг .**Пр.** 345 > 236 Ученикот кој ја има картичката 345 кажува -Јас сум поголем од 236.Доколку наставникот каже „Јас сум помал од...“ прво се поставува ученикот со помалот број и кажува - Јас сум помал од 345 | картички со трицифрени броеви<br><br>работен лист<br><br>учебник<br><br>тетратка | Усни одговори на поставени прашања<br><br>Споредува СДЕ со примена на знаците „>“, „=“ и „<“<br><br>Објаснува зошто еден број е поголем/помал од даден број<br><br>Решенија во работен лист<br><br>Домашна работа |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Споредување парови од трицифрени броеви (поголем од, помал од, знаци „>", „=" и „<") | Споредува трицифрени броеви користејќи ги знаците „>", „=" и „<" и наоѓа број помеѓу нив.<br><br>Објаснува зошто ги запишал/а знаците „>", „=" и „<" при споредување парови од трицифрени броеви. | | *Учениците работат во парови. Секој ученик има картички со цифри од 0 до 9. Картичките се отпревртени за да не се гледаат цифрите. Секој ученик извлекуват по 3 картички и се обидува да направи најголем број за да го победи другарчето. Кој има направено повеќе поголеми броеви е победник. **Пр**.прв ученик 3,7,2 Втор ученик 5,1,6 Првиот ученик составува 732, а вториот 651, ги споредуваат 732> 651 и првиот ученик добива 1 поен. Запишаните трицифрени броеви ги споредуваат со користење на знаците за поголемо, помало или еднакво.<br>*Секој ученик замислува и запишува на бел лист трицифрен број. Наставникот кажува број и поставува прашање. Кој има поголем број од ... ? Подигнете ја картичката. Проверува дали точно одговориле. Пр. Бр. 565. Сите кои имаат поголеми броеви од искажаниот добиваат 1 поен. Останатите излегуваат од игра.<br>*Играта се модифицира- Наставник/ученик кажува број, а учениците сами запишуваат број помал или поголем од искажаниот зависно од барањата.<br>*Учениците самостојно или во парови решаваат задали со заокружување броеви на најблиска десетка или стотка, а потоа ги споредуваат.<br>*Учениците во парови добиваат картички со броеви до 1000 и картички со знаците за споредување. Едниот ученик одбира две картички со два броја, а другиот ученик ги споредува броевите и помеѓу нив го поставува соодветниот знак. Потоа се менуваат улогите.<br>Интерактивен линк за споредување на броеви до 1000<br>https://rb.gy/ho07t | картички со цифри од 0 до 9<br>со трицифрени броеви<br><br>работен лист<br><br>учебник<br><br>тетратка<br><br>бел лист<br><br>компјутер<br><br>видеобим<br><br>бела табла | Усни одговори на поставени прашања<br><br>Споредува СДЕ со примена на знаците „>", „=" и „<"<br><br>Објаснува зошто еден број е поголем/помал од даден број<br><br>Решенија во работен лист<br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Споредување парови од трицифрени броеви (поголем од, помал од, знаци „>“, „=“ и „<“) | Споредува трицифрени броеви користејќи ги знаците „>“, „=“ и „<“ и наоѓа број помеѓу нив.<br><br>Објаснува зошто ги запишал/а знаците „>“, „=“ и „<“ при споредување парови од трицифрени броеви. | | *Наставникот преку пример објаснува како да решаваат задачи со определување на број кој се наоѓа меѓу два броја.<br>**Пр.** Кој број се наоѓа помеѓу 678 и 680? 678,_____, 680.<br>Учениците го откриваат бројот 679 и запишуваат на празната линија.<br>Потоа истиот запис се забележува и со примена на знаци за споредување 678< 679< 680<br>*Се решаваат задачи на табла/ тетратка или работен лист од следниот вид.<br>1. Запиши кои броеви недостигаат во низата: 272,______, 274,_____,_____, 277<br>2. Бројот 891 се наоѓа помеѓу броевите___ и ____<br>3. Заокружи го бројот кој се наоѓа помеѓу најголемот едноцифрен број и најмалиот непарен двоцифрен број. 8 , 9, 10, 11, 12<br>*Квиз на знаење – Учениците имаат картички со знаците < , > и = . Наставникот кажува или запишува броеви на таблата, а учениците треба да ги споредуваат со подигање на соодветната картичка. Пр. наставникот во десна рака покажува картичка со број 54, а во лева 154. Учениците ја подигнуваат картичката со знакот помало 54 < 154<br>* Учениците пополнуваат работен лист во кој треба да ги допишат знаците > и < при споредување парови од трицифрени или двоцифрени броеви.<br>*Секој ученик добива по еден пар трицифрени и еден пар двоцифрени броеви и го запишува соодветниот знак < или >, потоа демонстрира и објаснува како го извршил споредувањето и зошто го запишал тој знак.<br>*Учениците добиваат задача за 2 минути да напишат што повеќе задачи со споредување на броеви, потоа се разменуваат со тетратките во парови и ја проверуваат точноста на решенијата.<br>* Учениците решаваат текстуални задачи со споредување на броеви до 1000. **Пр**. Маре во својата каса има собратно 782 денари, а нејзиниот брат 780 денари. Кој има собрано повеќе пари во касичката? Запиши со примена на соодветен знак за споредување. | работен лист<br><br>учебник<br><br>тетратка<br><br>компјутер<br><br>видеобим<br><br>бела табла<br><br>жица | Усни одговори на поставени прашања<br><br>Усни и писмени искази<br><br>Споредува трицифрени броеви „>“, „=“ и „<“<br><br>Наоѓа број помеѓу два броја.<br><br>Објаснува зошто еден број е поголем/помал од даден број<br><br>Решенија во работен лист |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Подредува двоцифрени и трицифрени броеви по големина до 1000.<br><br>Прави проценка на еден број помеѓу стотки (на пр: од 500 до 700) на бројна права. | 3 | *Наставникот на презентација покажува различни броеви до 1000. Се даваат насоки да ги подредат почнувајќи од најмалиот. 56, 312, 982, 93, 76, 5, 1000, 100, 850<br><br>*Учениците извлекуваат картички со двоцифрени и трицифрени броеви од кутија. Се подредуваат по големина почнувајчи од најмалиот. Потоа се растураат и треба за најкратко време да се подредат почнувајќи од најголемиот број.<br><br>*Во тетратка/учебник/работен лист решаваат задачи со подредување на броеви по даден критериум , почнувајки од најмал/најголем број. | работен лист<br>учебник<br>тетратка<br>компјутер<br>презентација<br>видеобим<br>бела табла<br>картички со ДЕ и СДЕ | Усни одговори на поставени прашања<br>Усни и писмени искази<br>Подредува ДЕ и СДЕ по големина до 1000<br>Решенија во работен лист<br>Домашна работа |
| | | | *Учениците извлекуваат картички од кутија со броеви. Се движат низ просторот, си ги покажуваат броевите и се насочуваат да се подредат по големина пред таблата. Може да се формираат и помали групи во зависност од бројот на ученици во паралелката.<br>*Учениците во мали групи извлекуваат картички со трицифрени броеви (на пр, 120, 899, 90), ги подредува по големина и го запишува соодветниот знак > или < помеѓу нив.<br>*Активност со коцка: Учениците во групи ја фрлаат коцката со цифри од 1-6 три пати и од добиените цифри формираат трицифрени броеви. Добиените броеви ги споредуваат и ги подредуваат по големина во низа што расте или опаѓа. | работен лист<br>учебник<br>тетратка<br>бела табла<br>картички со ДЕ и СДЕ<br>коцка | Усни одговори на поставени прашања<br>Усни и писмени искази<br>Подредува ДЕ и СДЕ по големина до 1000<br>Решенија во работен лист<br>Домашна работа |
| | | | *Учениците играат математички игри преку кои читаат и споредуваат двоцифрени и трицифрени броеви.<br>https://rb.gy/k7ovf<br>https://rb.gy/a03e1<br>*Активности со проценување каде припаѓа одреден број во | работен лист<br>учебник<br>тетратка | Усни одговори на поставени прашања<br>Усни и писмени |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | низа поставена од полни стотки. Пр. Меѓу броевите 500 и 700 каде би стоел бројот 613 на низата?<br>*Учениците влечат картички со 5 броја. Добиваат задача да направат комбинации од тие броеви , да состават трицифрени броеви и да ги подредат.<br>( 4, 7, 9, 1, 6)<br>*471,174,194, 491, 419..... | бела табла<br>картички со ДЕ и СДЕ<br>компјутер видеобим | искази<br>Подредува ДЕ и СДЕ по големина до 1000<br>Решенија во работен лист<br>Домашна работа |
| Споредување парови од трицифрени броеви (поголем од, помал од, знаци „>“, „=“ и „<“) | Споредува трицифрени броеви користејќи ги знаците „>“, „=“ и „<“ и наоѓа број помеѓу нив.<br>Подредува двоцифрени и трицифрени броеви по големина до 1000.<br>Прави проценка на еден број помеѓу стотки (на пр: од 500 до 700) на бројна права | 1 | Активности за увежбување на:<br>-Споредува трицифрени броеви со примена на знаците „>“, „=“ и „<“ и наоѓа број помеѓу нив;<br>-Подредува двоцифрени и трицифрени броеви по големина до 1000;<br>-Прави проценка на еден број помеѓу стотки (на пр: од 500 до 700) на бројна права<br>Учениците следат насоки за индивидуална работа во работен лист подготвен од наставник.<br>Учениците кои имаат потреба од поддршка користат табела 100 и табели по 100 до 1000 и картички со стрелки за месни вресности | табела 100<br>табели по 100 до 1000<br>Работен лист | Решенија од работен лист |
| Редни броеви | Искажува редни броеви во различен контекст. | | *Пред учениците се истакнува постер со македонската азбуката. Учениците се поделени во парови и во работен лист треба да откријат кој е редоследот на пооделни букви во азбуката.<br>**Пр.** Петнаесетта буква во азбуката е____.<br>Буквата А е______буква во азбуката.<br>*Учениците се подредуваат пред табла на ист начин како | постер со македонска азбука<br>работен лист | Усни одговори на |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Редни броеви | Пишува редни броеви до најмалку стоти број.<br><br>Искажува редни броеви во различен контекст. | 2 | што се подредуваат на часот по ФЗО и се пребројуваат со користење на редни броеви; прв, втор, трет, четврти...<br>*Учениците следат објаснување како се читаат и пишуваат редните броеви најмалку до 100(поврзување со активности и од македонски јазик за правопис на редни броеви<br>1. Прв( зад бројот 1 се става точка кај редниот број 1.)<br>Редниот број 10. се пишува со две т( десетти ).<br>*Учениците се искажуваат за месеците во годината- Кој е првиот, петтиот, осмиот месец во годината?<br>На презентација се истакнува редоследот на месеците, а учениците запишуваат во табела во работен лист<br>1. <u>Прв</u> месец е месец јануари 1. јануари<br>2. Втор месец е февруари 2. февруари...<br>*Учениците ја запишуваат датата на своето раѓање и ја читаат со корстење на редни броеви<br>• Јас сум роден/а на <u>шести</u> мај...<br>• Јас сум роден/а на <u>дваесет и трети септември</u> и сл<br>*Учениците добиваат работен лист во парови. Користат табела 100. За секој ученик има 5 барања со кои треба да се провери дали знае да одреди реден број.<br>• Кој реден број е за 25 места пред редниот број 50?<br>• Кој реден број следува 15 места по бројот 10?... | презентација<br><br>компјутер<br><br>видеобим<br><br>бела табла<br><br>табела 100<br><br>учебник<br><br>тетратка | поставени прашања<br><br>Користи редни броеви во усното и писменото искажување<br><br>Пишува редни броеви со цифри и со зборови<br><br>Решенија во работен лист<br><br>Домашна работа |
| | Пишува редни броеви до најмалку стоти број. | | * Учениците во работен лист работат според следниве барања:<br>Петта буква во зборот Битола е .........<br>Втора буква во моето име е ...........<br>Прва буква во зборот ученик е........<br>*Учениците, изведуваат активности во групи. Потоа ротираат групите со активностите.<br>**<u>1 група</u>** „Сложувалка“- сложувалка со најмалку 50 делчиња. На поголем дел од делчињата е запишан реден број **пр.** 16. 27. 1. Учениците треба да се обидат најбрзо што можат да ја состават сликата и на останатите картички да го запишат соодветниот реден број. | сложувалка<br><br>картички за меморија<br><br>пластифицирани картички<br><br>фломастер за бела табла | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **2 група**. „Меморија“. На картички се запишани редни броеви со цифри и картички на кои се запишани истите редни броеви со зборови, најмногу до стотиот. Се прави избор на картички најмногу до 20 -да направат 10 парови на редни броеви запишани со цифри и зборови)<br>**3 група**- Учениците добиваат пластифицирани картички со редни броеви најмногу до стотиот. На едниот дел од картичката е запишан редниот број со цифри или зборови, а другиот дел останува празен. Учениците со фломастер за бела табла го запишуваат редниот број со зборови или со цифри зависно од картичката.<br>*Учениците ротираат со активностите по групи и се искажуваат колку игрите им помогнале да научат за редни броеви. | | |
| Парни и непарни броеви | Препознава и именува парни и непарни броеви до 1000. | 3 | *Учениците одговараат на прашања поврзани со парни и непарни броеви до 100(повторување од второ одделение).<br>Преку табела 100 се искажуваат како ги препознаваат парните броеви( завршуваат на цифрите 0, 2, 4, 6 и 8 ) и непарните броеви(1, 3, 5, 7, 9).<br>*Цртаат два круга: црвен и зелен. Наставникот кажува броеви, а учениците ги поставуваат парните во црвениот, а непарните во зелениот круг. На крајот дискутираат и се искажуваат кои броеви се парни, а кои непарни.<br>*Учениците на работен лист имаат задача да ги обојат парните броеви со сина, а непарните броеви со жолта боја. | табела 100<br>учебник<br>работен лист<br>тетратка<br>боички<br>бела табла | Усни одговори на прашања<br>Препознава парни и непарни броеви<br>Решенија во работен лист<br>Домашна работа |
| | | | *Онлај игра за определување на парни и непарни броеви(на англиски јазик)<br>https://www.mathmammoth.com/practice/even-or-odd<br>*Видео насока за играње игра пар-непар со помош на прсти<br>https://www.youtube.com/watch?v=1GWCgprDpuw<br>* Игра:Секој ученик запишува на бел лист трицифрен број. Ученикот што има запишано парен број застанува позади столчето.Ученикот кој има запишано непарен број седнува на столчето. Разговор колку има запишано парни, а колку | бела табла<br>видеобим<br>компјутер<br>работен лист<br>тетратка | Усни одговори на прашања<br>Препознава парни и непарни броеви<br>Решенија во работен лист |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | непарни броеви.<br>*Дополни:<br>- На парниот број 222 додај уште 2 доби........број<br>- Ако на непарен број 333 се додаде 10 се добива .....број | боички | Домашна работа |
| | Препознава и именува парни и непарни броеви до 1000. | | *Игри со карти до 100 во парови. Секој пар има комплет на карти до 100 кои се свртени со лицето кон масата да не се гледаат.<br>1 варијанта- Ученикот избира карта, ја покажува на ученикот од парот и се искажува дали е парен или непарен број. За секој точен одговор добиваат по 1 поен.<br>2 варијанта- Учениците извлекуваат по една картичка и без да гледаат кажуваат парен или непарен број. Потоа ја вртат картичката и ако погодиле без гледање тогаш добиваат 1 поен. Победува ученикот кој прв ќе освои 10 поении.<br>*Учениците во работен лист/ учебник/ тетратказапишуваат парни и непарни броеви во соодветна табела, Венов или Керолов дијаграм(активности во тема Работа со податоци) | картички со броеви до 100<br>бела табла<br>видеобим<br>компјутер<br>работен лист<br>тетратка<br>боички | Усни одговори на прашања<br>Препознава парни и непарни броеви<br>Решенија во работен лист<br>Домашна работа |
| Парни и непарни броеви | Формира низа од броеви за два поголеми или за два помали од даден број до 1000 | 4 | *Учениците имаат табели по 100 до 1000 за работа во групи или парови. Усно одговараат на прашања поврзни со читање и запишување на низи од парни/ непарни броеви<br>Пр.<br>• Прочитајте и напишете низа од 10 парни броеви од третата стотка . Пр. 202, 204, 206...220<br>• Прочитајте напишете низа од 10 непарни броеви од седмата стотка Пр. 611, 613, 615, ...229<br>*Учениците во парови треба да формираат низа од броеви за два поголеми или за два помали од даден број до 1000. Им се дава картичка со еден двоцифрен или трицифрен број, тие запишуваат последователно броеви што се поголеми или помали за два, нижејки ги на волница. | табели по 100 до 1000<br>картички со броеви до 100<br>картички со трицифрени броеви<br>работен лист<br>тетратка<br>учебник | Усни одговори на поставени прашања<br>Формира низи од парни и непарни броеви<br>Решенија во работен лист<br>Домашна работа |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | *Учениците се поделени во помали групи. Пред секоја група се поставуваат картички со напишани трицифрени броеви. На даден знак првата група извлекува картичка и ги запишува: бројот што е за два поголем и бројот што е за два помал од извлечениот број.<br>* Учениците ди дополнуваат броевите во табела кои недостасуваат.<br>310, 313...319, 322, 325......<br>500,...400, 350, 300.....<br>*Учениците во работен лист подредуваат парни и непарни броеви . | картички со трицифрени броеви<br><br>работен лист | Усни одговори на поставени прашања<br>Формира низи од парни и непарни броеви<br>Решенија во работен лист<br>Домашна работа |
| Парни и непарни броеви | Формира низа од броеви за два поголеми или за два помали од даден број до 1000 | | *Квиз игри со парни броеви- користење на ДА-НЕ картички, ЦРВЕНО- ЗЕЛЕНО картички, или интерактиви игри изработени со дигитална алатка од наставник или превземени од интернет.<br>*Секој ученик замислува парен или непарен трицифренброј. Го кажува бројот на глас. Учениците се редат во колона еден зад друг по големина на броевите. На десна страна се формира низа од парни броеви, а на лева страна се формира низа од непарни броеви. | картички со трицифрени броеви<br><br>работен лист<br>тетратка<br>учебник<br><br>ДА-НЕ картички<br><br>ЦРВЕНО-ЗЕЛЕНО картички<br><br>компјутер<br>видеобим<br>бела табла | Усни одговори на поставени прашања<br><br>Формира низи од парни и непарни броеви<br><br>Решенија во работен лист<br><br>Одговори на квиз<br>Домашна работа |
| | | | *Учениците работат во парови/мали групи во работен лист<br>*Решавање на проблемски ситуации со откривање на парни , непарни броеви.<br>• Јас сум најголем парен број од петтата десетка на петтаата стотка.<br>• Кој број сум јас? | | |
| Повторување на изучени содржини | Повторување на изучени стандарди | 1 | Активности за увежбување на изучените содржини-подготовка за тест | работен лист<br>тетратка<br>презентација | Усни одговори<br>Решенија во работен лист |

resursi.literatura.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Оценување на наученото | 1 | Активности за проверка на усвоеност на стандардите за оценување и постигнување на очекувани резултати(објективен тест подготвен од наставник) | тематски тест | решенија на задачи во работен лист |

resursi.literatura.mk